Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број 08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019, 08/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 03.12.2021 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА**
**ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**
**НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2022 година**

Вовед:

**Генерална цел на Програмата:**
• Континуиран развој на капацитетите на општината за привлекување инвестиции, зголемување на вработувањата преку развој и реализација на проекти, и промоција на општината како и подпомагање на МСП, занаетчиите, руралните заедници и НВО во Крива Паланка.
• Активна имплементација на добиени и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови.
• Следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Крива Паланка.

**Специфични цели на Програмата:**
• Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата и зголемување на конкурентноста на претпријатијата,
• Зајакнување на локалниот економски развој преку подобрување на услугите на локалната самоуправа,
• Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси,
• Подготовка на проекти и проектно управување.

Целни групи на програмата се сите граѓани на Крива Паланка, Бизнис заедница, Домашни и странски инвеститори, невработени лица, НВО, туристи, ученици, културни институции и др.

ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
Програмата предвидува приходна ставка од:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Крива Паланка | 7.010.000 МКД |
| 2 | Приходи по други основи - донации | 17.220.000 МКД |
| | Вкупно | 24 230 000 МКД |

## Развојни приоритети:

1. ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

1.1. Финализирање на Родово одговорна стратегија за одржлив развој 2021-2025

Родово одговорна стратегија за одржлив развој 2021-2025 се изработува во рамките на проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: Кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување“, имплементиран од UN Women – Тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените, финансиски поддржан од Швајцарска агенција за развој и соработка и Шведската Развојна Агенција.

Овој документ е напредна фаза на изготвување во рамки на проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: Кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување“ исе очекува да биде финализиран и донесен на почетокот на 2022 година.

1.2 Формирање на Економски совет на општина Крива Паланка

Програмата за ЛЕР на општина Крива Паланка за 2022 предвидува и спроведување на активности за формирање на локален Економски совет на општина Крива Паланка кое што ќе претставува советодавно тело на органите на ЕЛС Крива Паланка која што ќе ги следи економските трендови и текови и ќе разгледува прашања од областа на економскиот развој.

Предлозите и заклучоците на локалниот Совет за економија ќе бидат доставени до органите на ЕЛС.

Во советот се предвидува да членуваат стручни лица и претставници од деловни субјекти од различни економки области на локално ниво.

1.3  Анкета за анализа на ставовите и потребите на локалните деловни субјекти.

Со користење на аналитичкиот методот анкета која што ќе биде спроведена од страна на општинската администрација ќе бидат анализирани потребите и предизвиците на локалните економски субјекти и исто така ќе бидат мерени ставовите во однос на низа прашања поврзани со креирањето на локалните економски политики. Во таа насока ќе се интензивира контактот и комуникацијата со локалните деловни субјекти со цел креирање на овозможувачка околина за креирање и спроведување на позитивни политики во насока на обезбедување на услови за натамошен развој и унапредување на локалните компании. Акцент ќе биде даден на малите и микро семејни бизниси и компании базирани на искористување на локални ресурси и одржлив развој. Младинската работа исто така ќе биде во фокус на интересот на овие аналитички процеси.

2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

2.1.Воведување на Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE).

Целта на овој проект е имплементација на Стандард за систем за управување со квалитет согласно меѓународните барања, а која ќе воведе нови стандарди во начинот на работа и во пристапот кон граѓаните и бизнис заедницата. Одговорна општинска администрација подразбира систем на организација на работни задачи, одговорности и систем на контрола, која беспрекорно ќе ја реализира улогата на сервис на граѓаните.

BFC SEE е најупотребуваниот стандард за менаџирање на квалитетот и е создаден околку седум принципи на менаџирање на квалитетот и тоа:
- Фокус кон корисниците
- Лидерство
- Вклученост на луѓето

- Подобрување
- Приод кон процеси
- Управување со врски

Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE) претставува единствена програма за подобрување на квалитетот на услугите и информациите кои општините од регионот на Југоисточна Европа им го нудат на компаниите, во рамките на која сертификати се доделуваат на општини од Република Северна Македонија, Хрватска, Србија, Црна Гора и од Босна и Херцеговина.
http://bfc-see.org/

Овој сертификат претставува потврда за инвеститорите и за стопанствениците дека општините нудат ефикасна и ефективна услуга, односно целосна, навремена, комплетна информација и поддршка за разработување на нивните потреби за вложување, како и поддршка при натамошното развивање на нивниот бизнис.

Програмата за сертификација претставува единствена иницијатива во регионот на Југоисточна Европа, која влијае на креирање на побрза и поефикасна администрација, која треба да ги отстрани пречките за забрзаниот развој на стопанството, да овозможи подобри резултати во привлекувањето на домашни и на странски инвестиции и воведување на нови технологии, креирање на нови работни места и модернизација на општеството.

Имплементацијата на BFC стандардите ке се реализира со средства од општинскиот буџет.

Добивањето на сертификатот е процес кој трае околу 1 година, додека трајноста на сертификатот е 3 години.

2.2. Воведување на ИСО 9001:9015 стандардот - II фаза

Целта на овој проект е имплементација на Стандард за систем за управување со квалитет согласно меѓународните барања, а кој ќе воведе нови стандарди во начинот на работа и во пристапот кон граѓаните. Одговорна општинска администрација подразбира систем на организација на работни задачи, одговорности и систем на контрола, која беспрекорно ќе ја реализира улогата на сервис на граѓаните.

ISO 9001:2015 е најупотребуваниот стандард за менаџирање на квалитетот и е создаден околку седум принципи на менаџирање на квалитетот и тоа:
- Фокус кон корисниците
- Лидерство
- Вклученост на луѓето
- Подобрување
- Приод кон процеси
- Управување со врски
- Донесување на одлуки врз база на докази

Со воведувањето на стандардот ISO 9001:2015 општината покажува дека нуди услуги со постојан квалитет и услугите се ориентирани кон граѓаните во законска рамка, како и дека општината го зголемува позитивното искуство на граѓаните при извршување на надлежностите на општината и ќе се зголеми функционалноста на општинската администрација.

Имплементацијата на ИСО стандардот 9001:2015 се реализира во 2 фази, со тоа што во тек е реализацијата на првата фаза од воведување на стандардот, а во првата половина од 2021 година планираме да се заврши и втората фаза која се состои од сертифицирање, односно потврда дека општината го имплементирала стандардот од страна на овластена сертификациска куќа за ISO 9001:2015.

2.3 Јавно приватно партнерство (ЈПП)

Активноста се состои од идентификација на области, можности и проекти во локалниот економски развој подобни за модели за ЈПП. Потребата од унапредување на инфраструктурата е неопходен предуслов за успешен економски раст. Оттука, недостатокот од инфраструктурни проекти може негативно да влијае на севкупниот економски раст и на креирањето на нови работни места, што и е воочено години наназад, како во земјите членки на Европската Унија, така и ширум светот. Меѓутоа, често пати централната и локалните власти имаат ограничени извори на финансиски средства за инвестирање во капитални инфраструктурни проекти и давање на квалитетни јавни услуги.

Токму затоа, како клучно се наметнува прашањето за изнаоѓање на нови начини на финансирање на исплатливи инфраструктурни проекти и подобрување на квалитетот на јавните услуги. Со цел да се надмине растечкиот јаз помеѓу потребата од инфраструктурни проекти и недостатокот од финансиски средства кај јавниот сектор за реализација на тие проекти, јавно-приватните партнерства (ЈПП) се јавуваат како растечки елемент во „набавката" и подобрувањето на јавните услуги. Во тој контекст, наместо вообичаената практика инфраструктурните проекти и вршењето на јавните услуги да се финансираат исклучиво од централните и/или локалните буџети, преку различните модели на ЈПП се овозможува во нивното финансирање и вршење да биде вклучен и приватниот сектор.

Искуствата покажуваат дека преку моделот на ЈПП можат да се реализираат значајни капитални проекти, да се подобруваат јавните услуги и истите да генерираат одржлив развој на локалната заедница.

## 3. ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ

### 3.1 Поддршка за развојот на микро, мали и средни претпријатија.

3.1.1. Јакнење на претприемачките вештини и капацитети на постоечки и нови претприемачи /чки.

Со цел јакнење на претприемачките вештини согласно програмата се предвидува организирање на обуки за започнување на бизниси во разни области како и за подготовка и спроведување на бизнис планови како и управување со финансии.
за подготовка и спроведување на бизнис планови.

За таа цел согласно програмата се предвидува ангажирање на професионална консултантска куќа со поддршка со општинската администрација.

3.1.2. Унапредување на капацитетот и нивото на информираност на локалната бизнис заедница за пристап до капитал.

Со цел подобрување на капацитетот на локалните деловни субјекти се предвидува организирање на состаноци и конференции со бизнис секторот, стопанските комори, комерцијални банки, други инвестицински фондови со цел подобра информираност на локалните бизнисмени за пристап до капитал и можностите за нови вложувања во локалната економија.

3.1.3 Финансирање на локални микропроекти за поттикнување на локалниот економски развој за млади.

Оваа активност предвидува објавување на јавен повик за финансирање на микропроект со иновативна компонента за млади согласно критериуми. Со реализација на оваа активност се очекува да се поттикне претприемачкиот дух кај младите во развивање на креативни бизнис идеи со инопвативна компонента.

3.1.4 Основање на бизнис инкубатор за млади.

Отпочнување на истражување и дебата за потребата и можностите за основање на бизнис инкубатор за млади за обука и работа во ИТ сектор и други области.

За основање на бизнис инкубаторот потребно е изнаоѓање на соодветна локација или преадаптација и опремување на постоечки објект и ставање во функција за соодветната намена.

ИТ секторот е еден од најбрзорастечките сектори со највисоки примања кој што воедно е доволно атрактивен за младите.

3.1.4 Потпишување на Меморандум за соработка со Џуниор Ачивмент

Оваа активност предвидува продолжување и официјализирање на соработката со Џуниор Ачивмент организацијата која успешно започна со имплементација на проект на Џуниор Ачивмент во соработка со СОУ Ѓорче Петров за развој на капацитети на учениците од гимназијата за процесот за развивање на бизнис идеја и преточување во бизнис план. Оваа соработка ќе биде унапредена и во наредната година каде со потпишувањето на Меморандумот за соработка ќе се официјализира веќе воспоставената соработка, односно ќе се создадат услови за проактивно учество и подршка од страна на општината.

3.2 Поддршка и развој на занаети

Занаетите претставуваат значаен дел од локалната економија не само од аспект на економската активност и можноста за самовработување туки и од аспект на потребата од услугите кои занаетчиите ги испорачуваат кон граѓаните кои што се неопходни за нормално функционирање на една локална заедница.

Програмата предвидува активности за поддршка на занаетите во насока на ублажување на влијанието на пандемијата предизвикана од КОВИД 19 најнапред преку организирање на состаноци, консултации и дискусии за предизвиците со кои се соочуваат занаетчиите во услови на пандемија и донесување на мерки за поддршка.

Програмата исто така предвидува и анализа на потреби, утврдување на услови, процедури и критериуми за спроведување на постапки и мерки, со цел креирање на политики за конкретна помош и подршка на целните занаети, со фокус на младите, вклучително и јавни повици за финансиска поддршка на проекти со иновативна компонента и вклучување на млади, жени или лица со попреченост.

4. СОРАБОТКА СО КАНЦЕЛАРИЈА НА СИПР

Општина Крива Паланка како дел од Североисточниот плански регион (СИПР), а со цел успешно функционирање на канцеларијата на СИПР и квалитена испорака на регионални услуги од истата, учествува и ја подржува одлуката на Советот на СИПР, кој го сочинуваат градоначалниците на 6-те општини од СИПР, за плаќање на одреден износ на сметката на СИПР како членарина. Соработката со канцеларијата на СИПР е многу важна, заради можноста за заеднички развој со соседните општини, но и добивање на одредена финансиска помош и проекти од големо значење за локалната заедница.

## 5. СОРАБОТКА СО ЗЕЛС

Општина Крива Паланка како еден од основачите и постојана членка на Заедницата на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС), која е своевиден сервис на единиците на локална самоуправа, активно и континуирано ги користи услугите испорачани од ЗЕЛС и има обврска кон ЗЕЛС да плаќа годишна членарина. Оваа соработка ќе продолжи и во наредната година.

## 6. ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

### 6.1 Воведување на награда за најуспешен млад земјоделец

Со воведувањето на наградата за најуспешен млад земјоделец ќе се даде придонес за афирмација на органското земјоделско производство на локално ниво од една страна и ќе се даде придонес кон зголемување на интересот на младите за основање на земјоделски стопанства и отпочнување на агро-бизниси како и мотивирање на производство на земјоделски производи за сопствена употреба.

### 6.2 Интензивирање на соработката со АФПЗРР, АПРЗ, МЗШВ БРРР и други.

Интензивирање на соработката со АФПЗРР, АПРЗ, МЗШВ и Бирото за рамномерен регионален развој е во насока на подобра промоција на програмите за финансирање на проекти и активности, како и други видови на програми и субвенции.

Општина Крива Паланка ќе продолжи со благовремено издавање на потврди за потребите на локалните апликанти во програмите на ИПАРД фондовите како и друг вид на помош при нивно аплицирање.

## 7. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЕКТЕН ЦИКЛУС

Една од главните активности кои што ги предвидува програмата за ЛЕР е подготовка на проектни фишеа, апликации концепти и резимеа, со цел аплицирање со проектни предлози од областите во надлежност на ЕЛС од најразлични области, финансирани од домашни и меѓународни донатори, програми, фондации, амбасади и сл.

Освен активностите во рамки на процесот на подготовка на проектни предлози Програмата предвидува и реализација на проекти, односно активности за управување со проектен циклус согласно условите предвидени од страна на донаторот и националното законодавство.

### 7.1 Ко-финансирање на активности предвидени со проектните програми.

Во рамки на донаторските програми за финансирање на проектни предлози најчесто се предвидува и ставка за ко-финансирање на активности, односно сопствено учество на апликантот/имплементаторот со цел реализација на активности, а со цел заокружување во фукционална целина кај инвестициските активности и комплетирање на техничката документација, испорака на услуга или слично до крајните корисници кај неинвестициските активности.

Сопственото учество во ретки случаи може да биде учество на расположливите непарични средства или персонал или во најчестите примери со парични средства.

Од тие причини програмата за ЛЕР предвидува буџет за ко-финансирање на проектни активности.

## 8. ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКА И ДРУГ ВИД ДОКУМЕНТАЦИЈА

### 8.1. Покренување на иницијатива за изработка на урбанистичко планска документација за развој на локалната економија

Со цел овозможување на забрзан локален економски развој неопходна е изработка на урбанистичко планска документација која што ќе овозможи услови за развој на локалната економија преку изградба на капацитети и уредување на простор.
За таа цел програмата предвидува :
- изработка на урбанистичко планска документација за развој на туризмот и угостителството;
- изработка на урбанистичко планска документација за развој на лесна индустрија;
- изработка на урбанистичко планска документација за развој на терцијален сектор ;
- изработка на урбанистичко планска документација за развој на капацитети за искористување на обновливи извори на енергија.

### 8.2. Покренување на иницијатива за проектирање на изработка на техничка документација за економски развојни потреби.

За успешна и непречена реализација на проекти кои ќе придонесат за зголемување на економската активност во локалната заедница неопходна е изработена комплетна техничка документација со Одобрение за градење, адаптирана за потребите на проектни апликации, согласно критериумите за аплицирање во ЕУ фондови, национални програми, во кои не само што ќе бидат инкорпорирани одржливи и иновативни решенија туку и ќе биде изработена согласно стандардите за инклузија на сите категории на граѓани.

### 8.3 Изработка на Стратегија за локален економски развој

Економскиот развој е континуиран процес за кој што е потребно стратешко планирање. Се предвидува ангажирање на консултанти и други експерти од областа како и вклучување на граѓаните во процес на изработка на Стратегија за локален економски развој со акционен план и анализа на бизнис можности, во 3 годишен временски интервал. Во рамки на стратегијата се предвидува изработка и публикација на Водич за инвеститори и водич за започнување на самостоен бизнис.

### 8.4. Подготовка на процес за изработка на локален план за вработување

Врз основа на резултатите од примена на аналитички техники и вкрстување на податоците од релевантните институции се предвидува изработка на локален план за вработување кој што треба да даде периодичен преглед за потребите на локалниот бизнис сектор од работна сила по категории, ниво и вид на образование и слично и адаптација на локалните формални и неформални образовни капацитети за обезбедување на соодветен човечки ресурс.

9. ДРУГИ АКТИВНОСТИ И НАДВОРЕШНА ЕКСПЕРТИЗА

9.1. Учество на специјализирани обуки, тренинзи, семинари, конференции, онлајн во земјата и во странство.

Со цел следење на трендови и континуирана надоградба на знаењата од соодветните области, како и благовремено следење на измени во закони, правилници и т.н. се предвидува организирање и учество на обуки, тренинзи, семинари, конференции, онлајн во земјата и во странство.

9.2. Превод на стручна литература, услуги за печатење и издавање на литература како и друг промотивен материјал.

9.3. Консултантски услуги за специфични проектни активности.

За реализација на специфични активности за кои е потребно специфично образование, работно искуство или вештини потребно е ангажирање на консултанти, проектен менаџмент, ИТ и сл. кои ќе учествуваат во реализација на активностите.

9.4. Подготовка и дизајн на проекти и друга проектна документација.

За потребите на реализација на активностите предвидени согласно програмата потребно е ангажирање на стручни лица со соодветно образование и лиценци за изработка на техничка документација, физибилити студии, елаборати, истражувања, визуелизација, фото и видео документација и слично, неопходни за реализација на активности предвидени во програмата.

| 1. | ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Период на реализација | Очекувани резултати | Носител на активност | Буџет во МКД |
| 1.1.Финализирање на Родово одговорна стратегија за одржлив развој 2021-2025 | 1-3 Месец 2022 | Усвоена Родово одговорна стратегија за одржлив развој 2021-2025 | - Општинска администрација;<br>- Надворешен консултант/ UN Women ;<br>- Совет на општина. | / |
| 1.2 Формирање на Економски совет на општина Крива Паланка | 1-3 месец 2022 | Формиран Економски совет на општина Крива Паланка, усвоен деловник за работа. | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник. | 30 000 мкд |
| 1.3 Анкета за анализа на ставовите и потребите на локалните деловни субјекти | 3-5 месец 2022 | Публикуван извештај од анкета со заклучоци | - Општинска администрација;<br>- Надворешен консултант. | 10 000 мкд |
| 2. | ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА | | | |
| Активност | Период на реализација | Очекувани резултати | Носител на активност | Буџет во МКД |
| 2.1.Воведување на Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE). | Континуирано 2022 | Издаден сертификат | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник. | 30 000 мкд |
| 2.2. Воведување на ИСО 9001:9015 стандардот - II фаза | Континуирано 2022 | Имплементиран ИСО 9001:9015 стандардот - II фаза | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Лице задолжено за квалитет. | 120 000 мкд |
| 2.3 Јавно приватно партнерство (ЈПП) | Континуирано 2022 | Изработени елаборати за можности за ЈПП на ниво на општина Крива Паланка | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Надворешна експертиза. | 300 000 мкд |
| 3. | ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ | | | |
| 3.1 Поддршка за развојот на микро, мали и средни претпријатија | Континуирано 2022 | Изградени претприемачки капацитети кај 50 учесници/учеснички | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Совет на општина; | 300 000 мкд |
| 3.1.1. Јакнење на претприемачките вештини и капацитети на постоечки и нови претприемачи/чки | Континуирано 2022 | - Организирани обуки за започнување со бизниси;<br>- Организирање на обуки за подготовка и спроведување на бизнис планови;<br>- Тематски обуки за водење на бизниси. | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Совет на општина;<br>- Совет на млади. | 300 000 мкд |
| 3.1.2. Унапредување на капацитетот и нивото на информираност на локалната бизнис заедница за пристап до капитал | 4-5 месец 2022 | Подготовена процедура за објавување на јавен повик за поддршка за бизнис заедница | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Совет на општина;<br>- Совет на млади. | 60 000 мкд |
| 3.1.3 Финансирање на локални микропроекти за поттикнување на локалниот економски развој за млади. | 3-4 Месец 2022 | Објавен јавен повик за финансирање на микропроект со иновативна компонента за млади | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Совет на општина;<br>- Совет на млади. | 300 000 мкд |
| 3.1.4 Основање на бизнис инкубатор за млади | Континуирано 2022 | - Основан бизнис инкубатор за обука на млади за работа во ИТ сектор;<br>- Овозможување на просторни услови и опрема за работа. | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Совет на општина; | 1 600 000 мкд |
| 3.1.5 Потпишување на Меморандум за соработка со Џуниор Ачивмент | Континуирано 2022 | - Развиени вештини кај учениците за бизнис планирање и развој на претприемачки идеи | - Општинска администрација;<br>- СОУ Ѓорче Петров<br>- Џуниор Ачивмент | / |
| 3.2 Поддршка и развој на занаети | 6 Месец 2022 | Подготовена процедура за јавен повик за финансирање на проекти за развој, промоција и маркетинг на занаети. | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Совет на општина; | 300 000 мкд |
| | | | | |

| 4. | СОРАБОТКА СО КАНЦЕЛАРИЈА НА СИПР | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Период на реализација | Очекувани резултати | Носител на активност | Буџет во МКД |
| Подршка на испораката на услуги од канцеларијата на СИПР/ членарина за 2022 година | Континуирано 2022 | -Унапредена регионална соработка;<br>- Аплицирани проектни предлози;<br>- Иницирани регионални иницијативи за одржлив развој. | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Совет на општина; | 400 000 мкд |
| 5. | СОРАБОТКА СО ЗЕЛС | | | |
| Активност | Период на реализација | Очекувани резултати | Носител на активност | Буџет во МКД |
| Заедницата на единици на локална самоуправа која е своевиден сервис на единиците на локална самоуправа/ членарина за 2022 | Континуирано 2022 | Континуирано користење на услуги од ЗЕЛС. | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Совет на општина; | 200 000 мкд |
| 6. | ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | | | |
| Активност | Период на реализација | Очекувани резултати | Носител на активност | Буџет во МКД |
| 6.1 Воведување на награда за најуспешен млад земјоделец | 10 месец 2022 | Доделена награда за најуспешен млад земјоделец за 2022 согласно критериуми. | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Совет на општина; | 30 000 мкд |
| 6.2 Интензивирање на соработката со АФПЗРР, АПРЗ и МЗШВ и други. | Континуирано 2022 | Реализирани нови инвестиции во земјоделството и руралниот развој. | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник; | 30 000 мкд |
| 7. | ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЕКТЕН ЦИКЛУС | | | |
| Активност | Период на реализација | Очекувани резултати. | Носител на активност | Буџет во МКД |
| 7.1 Ко-финансирање на активности предвидени со проектните програми. | Континуирано 2022 | Целосна реализирани и финансирани проекти од донации во кои е предвидено сопствено учество. | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Совет на општина; | 3. 500 000 мкд |
| 7.2. Средства од аплицирани и одобрени проекти. | Континуирано 2022 | Целосна реализирани и финансирани проекти од поддржани од национални или меѓународни донатори. | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Совет на општина; | 15 000 000 мкд |
| 8 | ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКА И ДРУГ ВИД ДОКУМЕНТАЦИЈА | | | |
| Активност | Период на реализација | Очекувани резултати. | Носител на активност | Буџет во МКД |
| 8.1. Покренување на иницијатива за изработка на урбанистичко планска документација за развој на локалната економија | 1-2 месец 2022 | - Изработка на урбанистичко планска документација за развој на туризмот и угостителството;<br>- изработка на урбанистичко планска документација за развој на лесна индустрија;<br>- изработка на урбанистичко планска документација за развој на терцијален сектор ;<br>- изработка на урбанистичко планска документација за развој на капацитети за искористување на обновливи извори на енергија. | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Совет на општина | / |
| 8.2. Покренување на иницијатива за проектирање на изработка на техничка документација за економски развојни потреби. | 1-2 месец 2022 | - Изработена комплетна техничка документација со Одобрение за градење, адаптирана за потребите на проектни апликации, согласно критериумите за аплицирање во ЕУ фондови, национални програми и др. | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник; | / |
| 8.3 Изработка на Стратегија за локален економски развој. | 6-9 месец 2022 | Изработена Стратегија за локален економски развој со | - Општинска администрација; | 500 000 мкд |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | акционен план и анализа на бизнис можности, во 3 годишен временски интервал | - Градоначалник;<br>- Совет на општина | |
| 8.4. Изработка на локален план за вработување | 9-10 месец 2022 | Изработен локален план за вработување кој што треба да даде периодичен преглед за потребите на локалниот бизнис сектор од работна сила и адаптација на локалните формални и неформални образовни капацитети за обезбедување на соодветен човечки ресурс. | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник; | 100 000 мкд |
| 9 | ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ И ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | | | |
| Активност | Период на реализација | Очекувани резултати | Носител на активност | Буџет во МКД |
| 9.1. Учество на специјализирани обуки, тренинзи, семинари, конференции, онлајн во земјата и во странство | Континуирано 2022 | - повисоко ниво на стручна подготвеност на општинска администрација;<br>- зголемена транспарентност ;<br>- воспоставени национални и меѓународни мрежи на соработка, друго. | - Општинска администрација; | 100 000 мкд |
| 9.2. Превод на стручна литература, услуги за печатење и издавање на литература како и друг промотивен материјал. | Континуирано 2022 | - Обезбеден превод на документација за реализација на проекти;<br>- Овозможен симултан превод за настани;<br>- Публикувани флаери, брошури водичи и друг материјал. | - Општинска администрација; | 120 000 мкд |
| 9.3. Консултантски услуги за специфични проектни активности. | Континуирано 2022 | - Реализирани специфични проектни активности;<br>- Изработка на специфични проектни предлози. | - Општинска администрација; | 600 000 мкд |
| 9.4. Подготовка и дизајн на проекти и друга проектна документација. | Континуирано 2022 | -Изработени нови стратешко плански,технички документи<br>- Аплицирани нови проекти | - Општинска администрација;<br>- Градоначалник;<br>- Совет на општина | 300 000 мкд |
| | | | ВКУПНО | 24 230 000 МКД |
| | | | ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА | 7 010 000 |
| | | | ОД ДРУГИ ИЗВОРИ | 17 220 000 |

За реализација на целите на програмата, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци), вклучително граѓанските организации и месните заедници, кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

Носител на реализацијата на програмските активности е Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во општината, кое исклучително ќе води сметка за постигање на програмските цели и родовата врамнотеженост при реализација на активностите и алокација на финансиските средства.

МЕТОДИ НА РАБОТА

Основни методи кои ќе бидат користени во реализација на активностите се:

- Работни средби - Организирани за координација помеѓу интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање, Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Крива Паланка, Градоначалникот, општинската администрација и другите партнери во реализација на активностите (експерти од одредени области, НВО-и, целни групи на граѓани и др.) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите;

- Дискусионо обучувачки методи - ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките, предавањата, советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките, предавањата, советувањата и сл. ќе се користат современи образовни технологии, аудио визуелни и мултимедијални образовни продукти, во зависност од новонастанатата ковид ситуација и функционирање во услови на епидемија;

- Истражувачко аналитички методи - ќе се користат при анализа на постигање на целите. Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа, собирање, анализирање и систематизирање на информацијата (интервјуа и анкети со целните групи);

- Информативно промотивни методи - овој тип на методи ќе се користи при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките, предавањата, советувањата и други потреби согласно содржината на активностите;

- Правни методи - ќе се користат при планирањето на програмско оперативните активности, договорни услуги и друго;

- Финансиско сметководствени методи - ќе се користат во процесот на подготовка на буџетите за секоја активност поединечно, периодичните и финалните финансиски извештаи за реализација на активностите;

ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка и буџет од други извори (регионални, национални, меѓународни програми, проекти и фондови).

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Одделението за за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, за текот и реализацијата на програмата тековно ќе го информира Секторот за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, Градоначалникот, интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање и Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Крива Паланка.

Секторот за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање и Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Крива Паланка ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки, како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели,

Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, до Градоначалникот и Советот на Општината, ќе достави годишен извештај за имплементација на активностите и реализација на програмските цели.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2022 година.

**Бр. 09 – 3711/57**
**03.12.2021 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска**